Влада на Република Северна Македонија
- АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО -

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО - AGJENCIA PËR EMIGRACION
Бр./Nr. 03-840/2
30.12.2022 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

# Годишен план
# За спречување на корупција во Агенцијата за иселеништво за 2023 година

Скопје, декември 2022 година


Агенција за иселеништво
Влада на Република Северна Македонија
ул. „Македонија“ бр. 19, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 633
www.emigration.gov.mk

**1.Анализа на ризични области за корупција во рамки на делокругот на работењето**

Агенцијата за иселеништво ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците; помагање на нивниот културен развој и унапредување на врските со нив и нивните организации; запознавање на иселениците со состобата во Република Северна Македонија; создавањето услови за враќање на иселениците во Република Северна Македонија; создавање услови за вклучување на иселениците во јавниот и економски живот на Република Северна Македонија и врши и други работи утврдени со закон. Во текот на своето редовно работење Агенцијата за иселеништво редовно ги анализира и согледува ризичните области во рамки на делокругот на работење и своите надлежности. Во врска со корупцијата, а имајќи го во предвид годишниот буџет со кој располага Агенцијата за иселеништво и активностите предвидени во Програмата за работа за 2023 година, ризични области за корупција во рамки на кои редовно се превземаат мерки за намалување и отстранување на ризикот се јавните набавки и вработувањата.Досега во своето работење Агенцијата за иселеништво не се соочила со проблеми поврзани со корупција, така што може слободно да се констатира дека ризикот од појава на корупција е сведен на минимум. Но сепак ризикот од појава на корупција и судир на интереси како можност треба да биде анализиран со цел да се продолжи со законско, квалитетно, одговорно и ефикасно работење, што подразбира и борба против можната корупција. Факторот како релативно мал буџет кој економично се планира и реализира, вклучително и буџетот наменет за постапките за јавни набавки кои се од мала вредност, високата свесност на вработените за совесно работење и нивниот интегритет доведуваат до минимализирање на ризикот од корупција.

Причини кои би можеле да доведат до корупција се остварување на материјална или друга корист или пак злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената положба на функционерите или вработените се при спроведување на постапките за јавни набавки или постапките за вработување.

**2. Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата и Кодексот за административни службеници**

Во Агенцијата за иселеништво има воспоставено ред и пракса на почитување на законските прописи од страна на именуваните функционери и административните службеници. Исто така се почитува и Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите

на јавни функции именувани од страна на Владата, како и Кодексот на административни службеници.

При самото вработување на ново примени административни службеници им се врачува Кодексот на административни службеници, а сите раководни службеници полагаат испит за административно управување, каде се опфатени и областите за Кодексот на административни службеници и професионалноста и етиката на административните службеници.

### 3. Транспаретност и отчетност на работењето во Агенцијата за иселеништво

Работењето во Агенцијата за иселеништво е транспаретно и сите активности кои се преземени и реализирани се ставени на Интернет страницата на Агенцијата.
Покрај тоа на Интернет страната се обезбедени и следните податоци:

- Буџет на Агенцијата за иселеништво,
- Годишната буџетска сметка,
- Планот за јавни набавки,
- Стратешки план на Агенцијата,
- Годишниот план за работа на Агенцијата,
- Тековни огласи,
- Контакт со овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи.
- Контакт на овластено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер

### 4.Идентификување на причините и факторите кои ја овозможуваат корупцијата

Причини кои што би можеле да доведат до корупција се всушност остварување на материјална или друга корист и злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената положба на еден или повеќе вработени при спроведување на постапките за јавни набавки, вработување или други постапки.

Во Агенцијата за иселеништво има фактори кои го намалуваат или го минимизираат ризикот од корупција на најниско ниво, како што се релативно мал буџет кој економично се планира и реализира, вклучително и буџетот наменет за постапките за јавни набавки кои повеќето се од мала вредност. Исто така помеѓу вработените во Агенцијата владее висока свесност за совесно и законско работење.
Освен ова Агенцијата има воведено и повеќе контролни механизми и алатки за отстранување на ризикот од корупција и судир на интереси.

### 5. Алатки и контролни механизми за надминување на детектирани ризични области

Во постапките за јавни набавки и за вработувања, а заради елиминирање на можностите за нивна злоупотреба, Агенцијата за иселеништво има воспоставено соодветни алатки и контролни механизми.
Агенцијата за иселеништво има изготвено Интерна процедура за спроведување на јавните набавки во Агенцијата за иселеништво заведена под број 03/113 од 09.02.2023 година.
Со оваа процедура подетално се уредува подготовката на јавните набавки, спроведувањето на јавните набавки, склучувањето на договорите за јавни набавки и нивното реализирање.
Најпрво Агенцијата за иселеништво транспарентно, а врз основа на планираните извори на финансирање во буџетот, донесува Годишен план за јавни набавки, кој го објавува на Електронскиот систем за јавни набавки ЕСЈН и на Интернет страницата на Агенцијата.

Сите постапки за јавни набавки содржат контролни механизми во реализирањето на сите активности поврзани со набавките.
Постапката за јавна набавка во Агенцијата како контролен механизам ја содржи Изјавата за непостоење на судир на интереси која ја потпишуваат одговорното лице на Агенцијата, претседателот и заменик претседателот на комисијата за јавна набавка и сите членови и заменици на членовите на денот на јавно отворање на понудите.

Исто така Агенцијата постапува согласно Постапката за вработување на административни службеници во Агенцијата, каде што при спроведување на постапките сите членови и заменици на членовите на комисијата за селекција потпишуваат изјави за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.
Во наредниот период Агенцијата ќе ги следи и новите законски решенија од областа на корупцијата и ќе постапува по истите.

## 6.Планирани активности за спречување на корупцијата и судирот на интереси во Агенцијата за иселеништво

Заради спречување на корупцијата и судирот на интереси, Агенцијата за иселеништво ќе ги преземе следните активности:

- Постојано следење на законските решенија од областа на корупцијат и нивна примена соодветно на новонастанатите состојби во идентификување на ризиците од појава на корупција,
- Веднаш ќе ги разгледа сите случаи за сомневање за корупција и судир на интереси или вистински настаната корупција со цел подобрување на системот на внатрешни контроли,
- Ќе спроведува како и досега политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и ќе воспостави јак систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупцијата и судирот на интереси, како и за намалувaње на нивниот ефект, доколку се случат,
- На вработените во Агенцијата ќе им се обезбеди обука за начинот на спречување на корупцијата и судирот на интереси минимум еднаш на две години.

Слободан Близнаковски
директор

Изработил, Виолета Секулова